Internet Rights & Principles Coalition

# 10 ПРАВА И ПРИНЦИПИ НА ИНТЕРНЕТ

Овој документ дефинира десет клучни права и принципи што ги претставуваат темелите на владеењето со Интернет. Правата и принципите се собрани од страна на Динамичката коалиција за правата и принципите на интернет (ИРП), отворена мрежа на индивидуални лица и организации што работат на полето на остварувањето на човековите права на интернет. Принципите влечат корен од меѓународните стандарди за човековите права, и се извлечени од Повелбата за човековите права и принципи на интернет, на кои во моментов работи Коалицијата.



**Интернет нуди претходно незабележани можности за остварување на човековите права и игра се позначајна улога во нашите секојдневни животи. Оттука, од клучно значење е сите актери, како јавни така и приватни, да ги почитуваат и штитат човековите права на интернет. Исто така, треба да се превземат потребните чекори за да се обезбеди дека интернет ќе функционира и ќе се развива на начин што ќе обезбеди најголемо можно исполнување на човековите права. Следните десет права и принципи ќе ни помогнат во остварувањето на оваа визија за интернет како средина заснована на правата:**

**1) Универзалност и еднаквост** Сите луѓе се родени слободни и еднакви по своите права и дигнитет, факт што мора да биде почитуван, заштитен и остварен во онлајн средината.

**2) Права и социјална правда** Интернет е простор за промоција, заштита и остварување на човековите права и унапредување на социјалната правда. Секој е должен да ги почитува човековите права на сите други во онлајн средината.

**3) Пристап** Секој има подеднакво право на пристап и користење на безбеден и отворен интернет.

**4) Изразување и здружување** Секој има право слободно да бара, добива и споделува информации на интернет, без цензура или друг вид на мешање. Секој има право слободно да се здружува преку и на интернет, за социјални, политички, културни и други цели.

**5) Приватност и заштита на податоците** Секој има право на приватност на интернет. Тука влегуваат и слободата од надзор, правото на користење алатки за шифрирање, и правото на онлајн анонимност. Секој има право на заштита на податоците, вклучувајќи ја и контролата врз собирањето, чувањето, обработката, бришењето и објавувањето на лични податоци.

**6) Живот, слобода и безбедност** Правата на живот, слобода и безбедност мора да бидат почитувани, заштитени и остварени на интернет. Овие права не можат да се ограничуваат, или да бидат искористени за ограничување на други права, во онлајн средината.

**7) Различности** Интернет ќе ги промовира културните и јазичните разлики, и ќе ги охрабрува техничките иновации и иновациите на полето на политиките, за да се помогне и унапреди плуралноста на ставовите и мислењата.

**8) Еднаквост на мрежата** Сите луѓе ќе имаат универзален и отворен пристап до содржините на интернет, без дискриминаторно поставување на привилегирани корисници, филтрирање и контрола на сообраќајот врз комерцијална, политичка или друга основа.

**9) Стандарди и регулатива** Архитектурата, комуникациските системи, форматите на документите и податоците на интернет ќе се засноваат на отворени стандарди што ќе обезбедат целосна интероперабилност, инклузија и еднакви можности за сите.

**10) Управување** Човековите права и социјалната правда ќе ги обезбедат правните и нормативните основи за функционирањето на интернет и неговото управување. Тоа ќе се спроведе на транспарентен и мултилатерален начин, врз основа на принципите на отвореност, инклузивно учество и одговорност.

**ВКЛУЧЕТЕ СЕ ВО РАЗВИВАЊЕТО НА ПОВЕЛБАТА НА ИРП НА WWW.IRPCHARTER.ORG, СЛЕДЕТЕ НЕ НА ТВИТЕР НА @NETRIGHTS, ИЛИ ПРИДРУЖЕТЕ СЕ НА ФЕЈСБУК ГРУПАТА INTERNET RIGHTS AND PRINCIPLES.**